РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISJ SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

**СУ-03.бр.0305-21/24**
**30.01.2024 година**

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РСМ бр.101/2019), Управниот суд, со адреса ул.„Даме Груев“ бр.6. Скопје, телефон:02/3203-202, e-mail:sofija.naskova@usskopje.mk или на upravensud@usskopje.mk службеното лице Софија Наскова, го подготви следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за спроведување на ЗСПИЈК за 2023 година**
(период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година)

## 1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации

Службени лица определени за посредување на информации кај имателот на информации во Управниот суд, се Софија Наскова и Моника Китановска. Контактот со службените лица може да се оствари на тел: 02/3 203-202 и на е-маил:sofija.naskova@usskopje.mk или на upravensud@usskopje.mk.

## 2. Број на примени барања

Во текот на 2023 година, во Управниот суд примени се вкупно 24 (дваесет и четири) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 3. Број на позитивно одговорени барања

Бројот на позитивно одговорени барања изнесува 20 (дваесет) барања. Се работи за донесени решенија со кои е усвоено барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Покрај овие решенија, по повод 2 (две) барања се донесени решенија со кои делумно е одбиено барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во останатиот дел е усвоено.

Имено со Решение СПИ.бр.03-3/23-2 од 26.04.2023 година, делумно е усвоено барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 07.04.2023 година од барателите П.Д од Куманово и Ч.Д од Куманово, така што му е дадена информација од јавен карактер во обем кој што одговара на резултатите од спроведениот тест за штетност и е одбиен пристапот до останатиот дел од бараната информација. Решението е донесено согласно член 20 став 1 а в.в со член 6 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со Решение СПИ.бр.03-19/23-2 од 04.12.2023 година, делумно е усвоено барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 17.11.2023 година од барателот Ј.М од Скопје, така што му е дадена информација од јавен карактер во обем кој што одговара на резултатите од спроведениот тест за штетност и е одбиен пристапот до останатиот дел од бараната информација. Решението е донесено согласно член 20 став 1 и став 2 а в.в со член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање**

4.1 Одбиени барања нема. Погоре под точка 3 од Извештајот се прикажани барањата кои во дел се одбиени со Решение СПИ.бр.03-3/23-2 од 26.04.2023 година и Решение СПИ.бр.03-19/23-2 од 04.12.2023 година. Имено и во двата конкретни случаи на барателите им е дадена информација во обем кој што одговара на резултатите од спроведените тестови за штетност, по што е утврдено дека се исполнети условите предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер - "Исклучок од слободен пристап до информации", со што на барателите им се дадоа информации во обем во кој нема да се повреди заштитениот интерес.

4.2 Отфрлени се вкупно 2 (две) барања и тоа:

Со Решение СПИ.бр.03-11/23-2 од 21.08.2023 година, е отфрлено барањето на барателот К.Ч од Гевгелија од причина што барателот иако уредно повикан во оставениот рок не постапил и не го дополнил барањето за Слободен пристап до информации од јавен карактер, по што истото е отфрлено согласно член 17 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со Решение СПИ.бр.03-24/23 од 12.01.2024 година е отфрлено барањето на барателот Ј.М од Скопје од причина што барателот е странка во судската постапка и своето право за добовање на информации во врска со постапката може да го оствари согласно Законот за управните спорови и Судскиот деловник. При тоа во решението е потенцирано дека целта на ЗСПИЈК е да на физичките и правните лица им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, а која во никој случај не треба да се толкува во смисла на негова законски неоснована и несоодветна примена со што преку можноста за поднесување на барање за пристап до информации од јавен каракет која што ја дава овој закон, странките дополнително да бараат преземање на процесни дејствија кои веќе се предвидени во други процесни закони.

**5. Број на неодговорени барања**

Неодговорени барања нема. Имено по сите барања за СПИЈК примени во овој суд во текот на 2023 година е постапено и одговорено.

**6.Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација)**

Во 2023 година има вложено 1(една) жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која се однесува на тоа што на ден 17.11.2023 година до Управниот суд со препорачана поштенска пратка било доставено Барање за информации од јавен карактер со прашања кое до денот на поднесување на жалбата не било одговорено, иако било поминато повеќе од 20 дена од денот на поднесување на барањето. Иако во прилог на жалбата не било доставено Барањето за слободен пристап до информации и начелно не е прецизирано од странката за кој предмет се работи, од содржината на Решението бр.08-437 од 12.12.2023 година на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое жалбата ја отфрла како изјавена од неовластено лице, произлегува дека жалбата се однесува на предмет кој што е оформен по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен каратер од подносителот Ј.М од Скопје преку полномошник адвокат И.М од Скопје и за кој овој суд има донесено Решение СПИ.бр.03-19/23-2 од 04.12.2023 година со кое делумно е усвоено барањето за пристап до информации од јавен карактер, така што му е дадена информација од јавен карактер во обем кој што одговара на резултатите од спроведениот тест за штетност и е одбиен пристапот до останатиот дел од бараната информација. Решението е донесено согласно член 20 став 1 и став 2 а в.в со член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата**

Нема усвоени жалби со одлука на Агенцијата.

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата**

Нема преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата.

**9.Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање**

Нема одбиени жалби од Агенцијата.

**10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање**

1(една) жалба изјавена против Управниот суд а поврзана со недавање одговор во благовремениот рок по поднесено Барање СПИ, е отфрлена со Решение бр.08-437 од 12.12.2023 година на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер како изјавена од неовластено лице. Во образложението на решението се наведува дека во конкретниот случај подносител на жалбата е лицето Ј.М од Скопје, но истата била потпишана од адвокат И.М од Скопје, во својство на полномошник, без уредно доставено полномошно, поради што жалбата се смета за изјавена од неовластено лице. Понатаму се наведува дека од причина што кон жалбата не е доставен примерок од Барањето за СПИ ниту пак е доставен доказ дека истото е доставено до Управниот суд, Агенцијата не била во можност да постапува и правилно да ја утврди фактичката состојба, но од наводите во жалбата утврдила дека во конкретниот случај и доколку било поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер до Управниот суд, истото не може да претставува барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку барање од личен интерес, со оглед да барателот на информација е странка во судската постапка за која што бара информации, односно барање од надлежност на Управниот суд, затоа што жалителот во овој случај се обидел да добие информација од имателот на информации, неосновано повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, наместо своето право да го остварува како странка во спорот, согласно

одредбите на други материјални закони како што е Законот за управните спорови, Закон за адвокатура и други материјални закони и подзаконски акти, како на пример Судскиот деловник.

**Скопје, 30.01.2024 година**

**Претседател на Управен суд**
**m-r Burim Sejdini**

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**
**м-р Софија Наскова**